МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на членот 30 став (7) од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2010, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16,172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.235/19), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ВО ПОГЛЕД НА ПРОСТОРИИТЕ И ОПРЕМАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ВИНО

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови во поглед на просториите и опремата за производство на вино.

## Член 2

(1) Производителите на вино треба да располагаат со посебни и соодветни простории за производство на вино и тоа за:

- прием и преработка на грозјето и ширата;
- нега, доработка и чување на виното;
- полнење и складирање на виното во шишиња или други садови; - вршење на основни хемиски анализи на виното.

(2) Производителите кои произведуваат вино во количество помало од 300 хл годишно можат преработката на грозјето и ширата и негата, доработката и чувањето на виното да ги вршат во иста просторија, доколку се обезбедени услови за спречување на несакани влијанија меѓу процесите.

(3) Производителите кои произведуваат вино во количество помало од 300 хл годишно не треба да имаат посебни простории за вршење на хемиски анализи на виното.

## Член 3

(1) Просториите од член 2 на овој правилник треба да ги исполнуваат минималните хигиенско-технички услови и треба да се користат само за производство на вино.

(2) Просториите од член 2 на овој правилник треба да имаат стабилна и контролирана температура и влажност на воздухот, да бидат поврзани во функционална целина и да имаат постојан и стабилен доток на вода и електрична енергија.

## Член 4

(1) Производителите на вино треба да располагаат со опрема која е во склад со технологијата на производство на вино тоа за:

а) прием и преработка на грозје и ширата:

- најмалку базен за прием на грозјето;

- гроздомелачка и
- пумпа за прием и транспорт на гроздовата каша.

б) производство, доработка, нега и чување на виното:

- најмалку една вријалница;
- цедилка;
- садови за тивка ферментација и
- садови за стабилизација на виното.

в) опрема за вршење на хемиски анализи на ширата и виното, односно за утврдување на содржината на шеќер, алкохол, вкупни и испарливи киселини и слободен и вкупен $CO_2$.

(2) Производителите на вино кои имаат производство на вино помало од 300 хл годишно не треба да поседуваат посебна опрема за вршење на хемиски анализи од став (1) точка в) од овој член.

(3) Производителите на вино кои полнат вино во шишиња или други садови покрај опремата од став (1) од овој член треба да располагаат и со опрема и уреди за полнење на вино.

(4) По исклучок од став (1) од овој член производителите на вино - физички лица кои имаат производство на вино помало од 300 хл годишно треба да располагаат со следната опрема:

- сад за прием и преработка на грозје и шира,
- гроздомелачка,
- сад за чување на виното и
- садови за ферментација.

**Член 5**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за условите во поглед на просториите и опремата за производство на вино („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/10).

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 37-640/1
10 јануари 2020 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Трајан Димковски,** с.р.